Здружение МАКЕДОНСКИ КОМИТЕТ ЗА ГОЛЕМИ БРАНИ - ЗМКГБ Скопје
тел. 02 3116-066, лок. 135, лок. 136, факс. 02 3118-834, http://www.macold.org.mk
Адреса: Градежен факултет - Универзитет Св. Кирил и Методиј,
бул. Партизански одреди, 24, 1000 Скопје, РС Македонија
Жиро сметка: 300000001888141, Трансакциска сметка за донации 300000004369692
ЕДБ/МК: 4030002505887, Комерцијална банка АД-Скопје

**Годишно собрание на ЗМКГБ**

# НЕКОИ ДИЛЕМИ ПОВРЗАНИ СО ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЊЕ

**ПРОФ. Д-Р** Милорад Јовановски

Универзитет Св.Кирил и Методиј, Градежен факултет,
бул Партизански одреди бр.24.1000, Скопје

**СКОПЈЕ, Декември 2019**

# ТЕМИ ЗА ДИСКУСИЈА

- ОСВРТ КОН ПОСТОЕН ЗАКОН ЗА ГРАДБА
- ОСНОВНИ ЕЛЕМЕНТИ НА НЕФОРМАЛНА НОВА ВЕРЗИЈА НА ЗАКОН ЗА ГРАДБА
- МОЖНИ ИМПЛИКАЦИИ ОД ЗАКОНОТ ВРЗ УСЛОВИТЕ ЗА РАЗВОЈ НА ГРАДЕЖНИШТВОТО
- ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

# ОСВРТ КОН ПОСТОЕН ЗАКОН ЗА ГРАДБА

- **ОД СВОЈАТА ОСНОВНА ВЕРЗИЈА 2008/2009 ДО ДЕНЕС ОВОЈ ЗАКОН ПРЕТРПЕЛ МНОГУ ИЗМЕНИ (ПОСЛЕДНА НАЈАВА Е ПРЕД СЕДНИЦАТА НА ЗМКГБ)**

„Службен весник на Република Македонија“ број 130/2009,124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15 и 217/15) ИТН .

- **ЗАКЛУЧОК: ПОТРЕБА ОД ПОДОБРУВАЊЕ Е НЕОПХОДНОСТ !**

# ОСВРТ КОН ПОСТОЕН ЗАКОН ЗА ГРАДБА

- ОСНОВНИ ЕЛЕМЕНТИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ ВО ПОСТОЕН ЗАКОН
- **Категоризација на објекти**
- **Проблематика поврзана со член 4а**
- **Тип на проектна документација (нејасна улога и потреба на Проект за инфраструктура)**
- **Минимизирање на улогата на Идејни решенија и Идеен проект (клучни за капитални објекти во хидротехниката и сообраќајници)**
- **Нејасна поврзаност со други релевантни закони ПОСЕБНО ЗАКОН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ И ПРОБЛЕМ СО ДЕФИНИРАЊЕ НА КУСОЦИ И ВИШОЦИ ПРИ ИЗВЕДБА НА КАПИТАЛНИ ОБЈЕКТИ**
- **Проблематична процедура за Заверка на проектите (паралелна електронска заверка и заверка на тврди копии со фазмозно печатирање на проекти)**
- **Други проблеми дискутирани начелно и кај новата верзија**

# ОСВРТ КОН НЕФОРМАЛНА НОВА ВЕРЗИЈА

- Основна дилема кон новата неформална верзија Закон за градење или **Закон за високоградба?**
- **Се стекнува впечаток дека неформалната верзија на Законот е изготвена не докрај транспарентно покрај од правни лица и од инженери од една или две струки, без никаква консултација со сите инженерски струки**
- **Се цени, дека со оваа верзија главно се однесува на станбени објекти, а не е употреблив за изградба на капитални објекти како автопатишта, мостови, хидротехнички објекти, железници, рудници, металуршки комплекси, хидроцентрали и слично.**
- **Со ова законско решение не се корегирани ниту делумно подобрени слабите страни на сегашната верзија, во делот кај категоризацијата на објектите, критериумите за добивање на овластувања, професионалната одговорност на инженерите,**
- **Улогата на институтот ИЗИИС е нејасна.**

# ОСВРТ КОН НЕФОРМАЛНА НОВА ВЕРЗИЈА

- Се стекнува впечаток, дека Законот е правен како независен правен акт, односно не е усогласен со другата законска регулатива, посебно со Закон за јавни набавки.
- Нејасни се одредбите каде се фаворизираат само областите на проектирање, ревизија а надзорот и изведбата како целосно да се маргинализира.
- Досегашната регулатива околу учеството на други Министерства во процедурите за градење како да не е запазени, бидејки има многу делови од градежништвото кои се врзани со рударството, енергетска ефикасност, заштита на животна средина, безбедност при работа и др., кои треба да се усогласени со други Министерства.

# ОСВРТ КОН НЕФОРМАЛНА НОВА ВЕРЗИЈА

- Во одредени делови се воведуваат строги критериуми кои не можат да ги исполнат и најголемите инженерски фирми во Македонија,
- Критериумите за добивање на државен стручен испит не се јасни.
- Критериумите за стекнување на овластување не се добро дефинирани по категории и сложеност на објектите, инвестиционата вредност и слично.
- Долгите периоди потребни за добивање на овластувањата, се цени дека може да влијаат врз брз натамошен одлив на младите кадри во странство, бидејќи после нивно завршување, долго време останувават со недефиниран статус,
- Ова може да доведе до големи проблеми за одржливоста на градежништвото но и инженерството генерално.

# ОСВРТ КОН НЕФОРМАЛНА НОВА ВЕРЗИЈА

- **Во Законот не е јасно дефинирана позицијата на Еврокодовите во македонското градежништво, некои делови како ЕВРОКОД 7, поврзан со геотехничко проектирање воопшто не се опфатени.**
- **Се цени дека одредбите од ова законско решение ќе имаат негативно влијание на КОАИ која во изминатите години постана една од најдобрите на Балканот.**
- **Во одредени делови, Законот има и дискриматороски однос кон одделни многу значајни струки како учесници за градбата. Сега генерално се препознаени четири струки (архитектура, градежништво во нејасна форма, машинство и елетротехника), што можеби има логика кај зградарството ни не и за хидротехнички објекти и линиска инфраструктура каде се на пример во однос на архитектурата инженерската геодезија и геотехниката**

**Во досегашните  верзии на Законот постоеја следните одделенија (се цитира дел од постоен Закон).**

1) Одделение на архитекти;
2) Одделение на градежни инженери;
3) Одделение  на машински инженери;
4) Одделение на електроинженери;
5) Одделение на  инженери по геодезија;
6)  Одделение на  инженери по геологија
7) Одделение на сообраќајни инженери.

Напомена- Согласно на одредбите од Законот КОАИ има формирано и други одделенија (вкупно 12), кои сега се минимизираат посебно дел геодезија, геотехника, енергетска ефикасност и др)

# МОЖНИ ИМПЛИКАЦИИ ОД ЗАКОНОТ ВРЗ УСЛОВИТЕ ЗА РАЗВОЈ НА ГРАДЕЖНИШТВОТО

- Со нацрт верзијата, директно се врши укинување на некои стекнати права на голем број на инженери, што ќе доведе **до спорови на Уставен суд**
- Со дискриминирање на некои области, минимизирање на надзорот, невоведување на проектантски надзор и други одредби, се создаваат услови за лоша контрола во фаза на градба и сите измени одат многу тешко

- Се цени дека ке се создадат можности за брз натамошен одлив на младите кадри во странство, со што компаниите дополнително ќе ослабнат, а ќе опадне и квалитетот на инженерските услуги.

# МОЖНИ ИМПЛИКАЦИИ ОД ЗАКОНОТ ВРЗ УСЛОВИТЕ ЗА РАЗВОЈ НА ГРАДЕЖНИШТВОТО

•Со сегашните одредби, скоро е невозможно да се завршуваат големите капитални проекти, поврзано со ефектуирање на измените во фаза на градба и тешко подготвување на Анекси на договори во услови кога се јавуваат одредени вишоци во позиции, а кусоците од други позиции како средства не може да се користат без долготрајни и исцрпувачки постапки

•Ова води до доцнење во изведбата, што во принцип на крај има најголеми финансиски импликации

•Мислење на авторот е дека за хидротехнички и други капитални објекти, во новата Верзија на законот треба да се потенцира дека може да се изведуваат со примена на релевантни услови за градба од светот, како на пример FIDIC но не во хибридна форма

# З А К Л У Ч О К  И ПРЕДЛОГ

- Добрата намера на Законодавецот да се подобри сегашната верзија на Законот, се цени дека не е постигната со неформалната верзија на Законот
- Некои одредби кои се значајни за самото градежништво, посебно за големите државни објекти, може да се иницијатор за предизвикување многу голема штета за градежништвото и неговиот развој

**ПРЕДЛОГ ДО НАДЛЕЖНИТЕ ОРГАНИ И**

**ИЗГОТВУВАЛИТЕ БА ЗАКОНОТ**

- ДА НЕ СЕ БРЗА СО ДОНЕСУВАЊЕ НА НОВА ВЕРЗИЈА ДОДЕКА ВНИМАТЕЛНО НЕ СЕ РАЗГЛЕДААТ ГОЛЕМ БРОЈ ПРЕДЛОЗИ ОД СИТЕ ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ, ПРЕД СЕ ГРАДЕЖНИТЕ КОМПАНИИ, КОАИ, СТОПАНСКАТА КОМОРА, НАУЧНАТА ЈАВМОСТ И ДРУГИ СУБЈЕКТИ)

# ДОБАР ПРИМЕР



## НАМЕСТО КРАЈ

**ДАЛИ НИЕ ИНЖЕНЕРИТЕ ОЧЕКУВАМЕ ДА БИДЕМЕ ПОЧИТУВАНИ ОД ДРУГИТЕ СТРУКИ (ПРАВНА, ЕКОНОМСКА И ДРУГИ) АКО НЕМА МЕЃУСЕБНО УВАЖУВАЊЕ МЕЃУ ОДДЕЛНИТЕ ИНЖЕНЕРСКИ СТРУКИ?**

**ETICS SHOULD NOT BE REPLACED BY “MONETICS”**
**ЕТИЧНОСТА НЕ ТРЕБА ДА СЕ ЗАМЕНИ СО МОНЕТИЧНОСТА !**

ПРОФ. ХАЈНЦ БРАНДЛ, TU VIENNA